Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.06.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

## за утврдување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.01 ОД ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС СО КЛАСА НА НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, М.В. СВИЛАРА, КО ОРИЗАРИ ВГР, ОПШТИНА ВЕЛЕС

### Член 1

Се утврдува Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 1.01 од Локална Урбанистичка Планска Документација за стопански комплекс со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, м.в. СВИЛАРА, КО Оризари вгр, Општина Велес, со вкупна површина од 113 149 м².

### Член 2

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-199/1 од 11.01.2023 година,, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 1.01 од Локална Урбанистичка Планска Документација за стопански комплекс со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, м.в. СВИЛАРА, КО Оризари вгр, Општина Велес, изработен од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел со тех бр 0801-59/22 од Април 2023 година, ревидиран од „ДППТУ ФОРМИ Јорго ДООЕЛ Битола, со тех.бр. 141/22 од Април 2023 год

### Член 3

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 1.01 од Локална Урбанистичка Планска Документација за стопански комплекс со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, м.в. СВИЛАРА, КО Оризари вгр, Општина Велес.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2818/6
15.06.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за урбанизам;
-Списи и архива.